ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 036/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

До
Сите заинтересиран правни и физички
лица на крак од улица Св.Јоаким Осоговски
(на потеглот од Соларски Мост до дол Нимулија)

Предмет: **Известување**

Почитувани граѓани на град Крива Паланка

Со цел обезбедување на инклузивност и темелно и правилно запознавање на граѓанството , и посебно на директно засегнатите деловни субјекти и поединци,во рамките на **проектот за поврзување на локалните патишта** Општина Крива Паланка организира јавна презентација на измените и дополните на проектот за дел од улица св.„Јоаким Осоговски" - делница од мв.Соларски Мост до мв. Дол Нимујлија. На сите заинтересирани граѓани ќе им биде презентиран проектот со опфатените измени и дополни на гореневедената траса, како и начинот на функционирање и планот за реализација на предвидените градежни активности.

Се молат сите заинтересирани граѓани за масовно учество на презентацијата со цел да се избегнат сите дополнителни нејасности или застои при реализацијата на проектот за истиот да биде завршен во што пократок рок.

Јавната презентација ќе биде одржана на ден 05.09.2024 година во 12.00 часот во просториите на Општина Крива Паланка- голема сала.

Инвеститор:
Општина Крива Паланка

| ФИРМА | ДАТА | ПОТПИС |
|---|---|---|
| 1 Хармонија | 999 | |
| 2 Збтрин | 02.09.2024 | |
| 3 Вира | 02.09.2024 | |
| 4 Пошта | 02.09.2024 | |
| 5 Г. Новакс | 02.09.2024 | |
| 6 СХП | 02.09.2024 | достављен |
| 7 Апотека Правсо | 02.09.2024 | |
| 8 Пекара Лазар | 02.09.2024 | |
| 9 Тобако ММ 2020 | 02.09.2024 | |
| 10 Парк Ливовиц | 02.09.2024 | |
| 11 Осоровец | 02.09.2024 | |
| 12 Бутик Лина | 02.09.2024. | |
| 13 ПЗУ. Гоно Дент | 02.09.2024 | |
| 14 Еурокин | 02.09.2024 | |
| 15. Велмет | 02.09.2024 | |
| 14 Грачита | 02.09.2024 | |
| 15. ФИБО | 02.09.2024 | |
| 16. Линстекс | 02.09.2024 | |
| 17 Сиоми | 02.09.2024 | |
| 18. Зомет | 02.09.2024 | |
| 19. Бопас | 02.09.2024 | |
| 20 Алдеа Трејд | 02.09.2024 | |
| 21. Тони Градо | 02.09.2024 | |
| 22. Мокарт | 02.09.2024 | |
| 23. СКА 2000 | 02.09.2024 | |
| 24. Сашко Цветковић | | |
| Орује Цветковић | | |

ЗАПИСНИК ОД ОДРЖАНИОТ ИНФОРМАТИВЕН СОСТАНОК НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ГРАЃАНИ ПО ОДНОС НА ИЗГРАДБАТА НА УЛИЦА СВ.ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ ДЕЛНИЦА 1
( од Соларски мост до дол Нимујлија во должина од 354,45 метри )

ОДРЖАН НА ДЕН 05-09-2024г.-ЧЕТВРТОК 12.00 часот
ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА-ГОЛЕМА САЛА

На средбата во својство на службени лица присуствуваа:
Градоначалникот на општината г-н Сашко Митовски
Рак. на Сектор за урбанизам,сообраќај,заштита на жив. средина и ком. дејности-Маја Костадиновска
Раководител на одделение за комунална инфраструктура и сообраќај-Никола Граматиков
Советник за прост. и урб. планирање и издавање одобрение за градба-Иван Велиновски
Самостоен референт за издавање на изводи од план-Викторија Тасковска
Претставник на проектантската фирма-Слаѓан Стојановски,дги
Главниот надзорен инженер-Ванчо Маринов,дги
Претставник на фирмата изведувач-Петар Ѓурчиновски ,дги и
Заинтересирани граѓани

Воведен збор на состанокот даде раководителката на Сектор за урбанизам,заштита на животната средина и комунални дејности-Маја Костадиновска која се заблагодари на присуството на сите присутни и побара непосредна соработка на граѓаните со изведувачите и во кратки црти ги запозна присутните со проектната документација. Нагласено е дека цел на одржување на состанокот е координирање на активностите и превенција на можни проблеми при изведба на градежните активности на ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕЛ ОД УЛИЦАТА СВ. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ-делница 1 од Соларски мост до дол Нимујлија во должина од 354,45метри. Потоа збор зедоа, проектантот Слаѓан Стојановски и претставникот на фирмата изведувач Петар Ѓурчиновски кој подетално го образложија проектот и ги запознаа присутните со предвидените градежни активности , како и предвидувањата за можните тесни грла кои би влијаеле на работата.

Потоа беше иницирана јавна дискусија со присутните, при што произлегоа низа прашања и забелешки на кои службените лица и градоначалникот дадоа одговори.

**Прашања од присутните и одговори на службените лица**

1.Ласте Давидовски:
Каква промена ќе има кај зградата, наспроти училиштето ОУ „Јоаким Крчовски"?
Правила при проектирање на кружен тек?
Да има низок ивичњак и паркинзи?
Каде ќе има нова атмосферска?

- Слаѓан Стојановски: Наспроти ОУ Јоаким Осоговски предвидена е нова атмосферска составен дел од самиот кружен ток, нови паркнизи не се предвидени , посточеките паркинзи пред самата зграда се задржуваат, низок рабник е предвиден онаму кај што имало потреба.

2.Игор Митовски
Ако може да се стави ограда кај бентомачка зграда.
За делот кај „Мини-маркет"
-Слаѓан Стојановски, да ограда се предвидува кај бентомачка зграда но таа е сосавен дел од проектот за платформата, за делот кај „Мини-маркет" се предвидува кружно движење со едносмерна лента од 6,5м. коловоз во една лента, подигнат тротоар во однос на коловозната површина.

3.Чедомир Радевски
Што предвидува делот кај суд и кај градска аптека?

-Слаѓан Стојановски: Пред градска аптека е предвидена ниша од коловозната површина која дозволува потреба за времено паркирање, тротоарска површина од коловозната површина до пред објектот, каде прозорите од подрумите нема да се затворат ќе се повлече тротоарот и ќе се покријат со плексиглас.

4.Чедомир Радевски
Дали кај објектот каде е аптеката ќе се јави празен простор или е предвиден тротоар до ѕидот?
- Слаѓан Стојановски : На местата каде нема прозорчиња ќе има .

5. Ласте Давидовски:
Паркинг просторот кон Чука?
Паркингот кај колективниот станбено-деловен објект наспроти училиштето ОУ „Јоаким Крчовски", дали може да се земе?
-Градоначалник:
-треба да се земе согласност од станарите, 51% доколку се планира поставување на урбана опрема пред деловен простор од колективен обејкт. Не може да се поставува опрема и столбчиња без одобрена документациај, а поставените солбчиња треба да се отстранат бидејќи истите ги имате поставено без согласност од МВР и одобрение од општината.

6.Ласте Давидовски:
Дали пред Зегин ќе има промени?
Дали ќе има нов тротоар и парапетан ѕид?

- Слаѓан Стојановски : Кај Зегин деловниот простор во колетивниот станбено-деловен објект, тротоарот останува на исто ниво со дуќаните , односносо се задржува постоечкиот пристап до нив , додека коловозот е денивилиниран за да се псотигне дозволенито наклон од 8% кон кругот.

7.Градоначалник:
-Проектот се прави за сите да бидат задоволни, ако сметате дека не треба да се реализира, да се наведат причините.

8.Ласте Давидовски:

Зошто старата улица не е во употреба како што беше?

-Градоначалник:

Со новото решение и скорешната изградба и реконструкција на градскиот плоштад , поранешната улица која функционираше како сообраќајна за проток на возила е предвидена да биде безбедна пешачка зона без проток на возила.

10. Ласте Давидовски:

Дали може да ни покажете доказ дека сите граѓани од улица се поканети на овој состанок?

- Раководител на Сектор за урбанизам,заштита на жив.средина и ком. дејности - Маја Костадиновска: Сите граѓани и бизнис секторот кои се засегнати со реализација на овој проект беа уредно поканети,дури и на сите влезови на колективните згради имаме залепено известување за состанокот и направени фотографии од објавите како доказ.

11. Игор Митовски

Има запишување на шахтите, што ќе се превземе со тоа?

- Слаѓан Стојановски : Ќе се регулира се со проектот.

10.Битем-изведувач:

-даде објаснување за текот на реализација на преоктот со палнирани фази за припрема и градба и притоа го дообјасни делот за кој присутните граѓани беа најмногу загрижени, а тоа се местата каде што се појавуаат парапетни ѕидови и армирано бетонски делови на сите локации од трасата поради денивелација на тротоарот и коловозот и вклупување на новото решение со кружен тек со постоечката траса. Исто така напомена дека работите ќе се одвиваат во фази согласно основниот сообраќаен проект за времена измена на режимот на сообраќај и одобрението добиено од страна на МВР за тој дел од трасата на улица Јоаким Осоговски.

По излегуваањето на претставникот од Изведувачот за предвидените работи со проектната документација, промените кои се прават на истата од страна на Проектантот, како и појавата на промените на самата постоечка траса, дел од присутните граѓани беа задоволни и среќни што се започнува еден ваков проект во Крива Паланка, НО имаше и реакции од граѓанин кој сметаше дека со проектот се нарушува пристапот до неговиот деловен простор по што ќе трпи неговата егзистенција и со некултурни и навредливи зборови, а може да се каже и заканувачки зборови: „пробајте да направите ѕид пред мојот дуќан, ќе си имате работа со мене, само пробајте" се обрати до сите присутни во салата гледајќи кон претставникот од Изведувачот, по што неговиот револт ескалираше со дополнителни навредливи зборови кон дел од присутните во салата, потоа удирање по маса и непристојно затварање на вратата од салата, со што го напушти состанокот. А после сето тоа некој реагираше со пријава до поолиција и по завршување на состанокот пред салата имаше тројца службени лица од МВР кои прашуваа што се случило и земаа изјави на дел од присутните.

11.Градоначалинк:
Дали ќе има сообраќајен метеж со регулацијата на улицата?
-Битем-изведувач : Сообраќаен метеж нормално дека ќе има бидејќи ќе се изведуваат градежни работи, но истиот ќе биде регулиран со примена на сообраќајни знаци согласно фазите кои се дефинирани во основниот сообраќаен проект за времена измена на режимот на сообраќај кој е одобрен од МВР и за истиот е дадено одобрение за времена измена на режимот на сообраќај.

Записникот е составен на ден 05-09-2024г.
Составен дел на овој записник е листа на присутни лица

Список на присутни

1. Златко Филиповски
2. Шишко Гортиевски
3. Косос Лавровски
4. Стојмир Санчевски
5. Дејо Родовски
6. Ванчо Маринов — Надзорен инженер Регент-Скопје
7. Маја Костадиновска — раководител на Сектор
8. Никола Трповски
9. Викторија Таскобска
10. Иван Велиновски
11. Славен Стојановски
12. Петар Гурчиновски